Совет на Општина Делчево
Број 09- 1034/2
19.07.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 37.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 19.07.2024 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 09:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот.

Отсутен беше Дејан Георгиевски..

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 36.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 36.седница

1. Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;
Образлагач: Лелја Анакиевска – Командир на Полициска станица од општа надлежност.
2.Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;

Образлагач: Ванчо Новоселски-Советник за образование.

3.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на Благојчо Ѓорѓиевски.

4. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.3 по барање на Ѓорѓи Десподовски;

5. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на Игорчо Ѓорѓиевски;

6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.5 по барање на Никола Илиевски;

7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект објект за чување на сточна храна згр.бр.1 по барање на Трајчо Михаилов;

8. Предлог-Одлука за финансиска поддршка по барање УП 21-190 од 03.07.2024 година;
9. Предлог-Одлука за финансиска поддршка по барање УП 21-174 од 20.06.2024 година;
10.Предлог-Одлука за парична помош по барање бр.21-183 од 28.06. 2024;

11. Тримесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница"-Делчево со Заклучок за усвојување;
Образлагач: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
12.Предлог-Решение за избор на претседател на Комисијата за статут и прописи;
13. Предлог-Решение за избор на претседател на Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените;
14. Прашања и предлози на членови на Совет;

Претседателот на Советот пред да отвори расправа по дневниот ред, истакна дека, директорот на ЈКП „Брегалница"-Делчево побарал ниванта точка- Тримесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница"-Делчево со Заклучок за усвојување да биде симната од дневен ред бидејќи не се во можност да присуствуваат на седницата.

Предлогот за симнување на точката беше едногласно прифатен со 14 гласа „ЗА".

За збор се јави координаторот на советничката група на СДСМ кој го соопшти ставот на СДСМ и коалицијата во врска со проблемот со водоснабдувањето на с.Ѕвегор при што истакна дека тие како советници се за што поскоро решавање на тој проблем и рече дека сите ќе присуствуваат на закажниот протес закажан за денеска во 12:00 часот.

Претседателот на Советот, Гоце Попов истакна дека и тој ќе присуствува на протестот и ги повика сите советници да земат учество.

Иван Гоцевски координатор на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата рече дека сака да сподели некои информации во врска со ова прашање. Тој истакна дека бил присутен на состанокот што се одржал со претставници на жителите на с. Ѕвегор, градоначалникот, секретарот и директорот на ЈКП „Брегалница" при што истакна дека луѓето имаат доста различни ставови во врска со решавањето на овој проблем. Евидентно е нивното незадоволство од тоа што бавно се одвива решавањето на нивниот проблем, односно изградбата на водоводната мрежа. Со самиот проект не е предвидено приклучување на главата вододводна мрежа туку се предвидува изградба на нова посебна водоводна мрежа. Со негово посредување бил договорен состанок со претставници на Министерството за животна средина, состанокот се одржал и на него било заклучено дека ќе биде раскинат договорот со фирмата изведувач на работите за што биле известени градоначалникот и секретарот на Општината, на е-маил.

Тони Стаменковски исто така даде поддршка на протестот закажан за 12:00 часот и истакна дека советниците треба на секо начин и во секое време да им помагаат на граѓаните независно за какво прашање се работи.

Во врска со ова прашање се јавија и Сашко Ивановски и Кирил Тренчевски.

На гласање беше ставен дневниот ред за 37.седница.

Истиот беше усвоен со 14 гласа „ЗА" (од присутни 14).

Беше отворена расправа по Записникот од 36.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" од присутни 14, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 36.седница.

**Прва точка-Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Лелја Анакиевска – Командир на Полициска станица од општа надлежност која го образложи извештајот.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали е евидентиран случајот со инцидентот на денот на изборите што се случил во близина на избирачко место?

Лејла Анакиевска командир на ПС од ОН рече дека за тој случај има претставка и внатрешна контрола која ќе утврди дали има одговорност.

Тони Стаменковски имаше сугестија за засилени контроли и санкционирање на брзото возење низ градот имајќи го предвид периодот на зголемен број на луѓе и туристи.

Сунчица Ѓеорѓиева праша дали се планира видео надзор бидејќи има зголемен број на сообраќајни незгоди?

Лејла Анаиевска рече дека за поставување на видео надзор Полициската станица од ОН нема надлежност, надлежноста е на МВР.

Илче Каранфиловски рече дека моментално е на сила забрана за движење во шума, а органот (ЈП Национални шуми, Подружница Делчево) не издава дозволи и има проблем бидејќи има луѓе кои имаат потреба да се движат низ шума за да стигнат до своте пчеларници и имоти, па праша дали има простор МВР да не ги санкционира?

Лејла Анакиевска рече дека секој којшто сака или треба да се движи низ шума во овој период треба да си извади дозвола. Инаку отесекот за превенција е на терен, работи ги информира граѓаните и секако дека за почеток се делува превентивно и информативно, но потенцираше дека сите граѓани кои имаат потреба од движење низ шума, мора да се вадат дозволи.

Иван Гоцевски предложи да се спроведе кампања со делење на летоци дека во Делчево постојат 2-3 паркинга и дека не треба да се паркираат возила по коловозите низ градот и магистарлниот пат Бул.„Македонија“ бидејќи се загрозува безбедното одвивање на сообраќајот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворенам, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ од присутни 14, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

**Втора точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;**

Образлагач по точката беше Ванчо Новоселски-Советник за образование која ја образложи оваа точка.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој го праша образлагачот дали се иплатени стипендиите на првенците од претходната година?

Ванчо Новоселски одговори дека се исплатени.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ од вкупно присутни 14 советници, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта.

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на Благојчо Ѓорѓиевски.**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која истакна дека земјиштето на кое се наоѓа објектот станбена куќа е сосопственост на Благојчо Ѓорѓиевски.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затвореена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ од вкупно присутни 14 советници, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на Благојчо Ѓорѓиевски.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.3 по барање на Ѓорѓи Десподовски**;

Точката ја образложи Андријана Соколовска која истакна дека земјиштето на кое се наоѓа објектот станбена куќа е сосопственост на Ѓорѓи Десподовски..

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ од вкупно присутни 14 советници, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа згр.бр.3 по барање на Ѓорѓи Десподовски.

**Петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на Игорчо Ѓорѓиевски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која истакна дека земјиштето на кое се наоѓа објектот станбена куќа е сосопственост на Игорчо Ѓорѓиевски.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ од вкупно присутни 14 советници, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на Игорчо Ѓорѓиевски.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа згр.бр.5 по барање на Никола Илиевски**;

Точката ја образложи Андријана Соколовска која истакна дека земјиштето на кое се наоѓа објектот станбена куќа е сопственост на Никола Илиевски.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ од вкупно присутни 14 советници, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа згр.бр.5 по барање на Никола Илиевски.

**Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат, објект за чување на сточна храна згр.бр.1 по барање на Трајчо Михаилов;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која истакна дека земјиштето на кое се наоѓа објектот е приватна сопственост на Трајчо Михаилов.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ од вкупно присутни 14 советници, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат објект за чување на сточна храна згр.бр.1 по барање на Трајчо Михаилов.

**Осма точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка по барање УП 21-190 од 03.07.2024 година**;

Точката ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до Советот е поднесено барање за учество на Милена Ангеловска на Меѓународна олимпијада по геонауки во Пекинг. Предложи сума од 15.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ од вкупно присутни 14 советници, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска поддршка по барање УП 21-190 од 03.07.2024 година.

**Деветта точка- Предлог-Одлука за финансиска поддршка по барање УП 21-174 од 20.06.2024 година;**

Точката ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до Советот е поднесено барање од страна на ЕНДУРО ТИМ за организирање дводневен настан при што беше прочитано целото барање. Тој предложи сума од 20.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ од вкупно присутни 14 советници, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска поддршка по барање УП 21-174 од 20.06.2024 година;

**Десетта точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање бр.21-183 од 28.06. 2024;**

Точката ја образложи претседателката на Комисијата за спорт, Бојана Гоцевска која во врска со оваа точка го прочита поднесеното барање од страна на ФК Брегалница 1926 и предложи Советот за донесе одлука за 120.000 денари.

Беше отворена расправа.

За збор се јавија повеќе советници: Кирил Тренчевски, Гоце Попов, Иван Гоцевски и Бојана Гоцевска. Сите ја изразија својата поддршка за ФК „Брегалница" 1926.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" од вкупно присутни 14 советници, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска поддршка по барање бр.21-183 од 28.06. 2024.

**Единаесетта точка-Предлог-Решение за избор на претседател на Комисијата за статут и прописи;**

Точката ја образложи претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања кој за претседател на оваа Комисија го предложи советникот Илче Каранфиловски.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи ниој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од вкупно 14 присутни членови на Совет, 14 гласаа „ЗА" со што Советот на Општина Делчево го донесе Решението за избор на претседател на Комисијата за статут и прописи.

**Дванаесетта точка- Предлог-Решение за избор на претседател на Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените;**

Точката ја образложи претседателот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања кој за претседател на оваа Комисија ја предложи советничката Маја Алексова.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од вкупно 14 присутни членови на Совет, 14 гласаа „ЗА" со што Советот на Општина Делчево го донесе Решението за избор на претседател на Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените;

**Тринаесетта точка- Прашања и предлози на членови на Совет**.

Тони Стаменковски ги повика сите присутни на закажаниот протест во 12:00 часот.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 37.седница заврши со работа во 10:35.

**Записникот го водела**
**Снежана Трајкова**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов